**НЕЗАВИСЕН АКАДЕМСКИ СИНДИКАТ (НАкС)**

**III КОНГРЕС**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НЕЗАВИСНИОТ АКАДЕМСКИ СИНДИКАТ
# ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2020 ДО 2024 ГОДИНА

Независниот академски синдикат (НАкС) го започна своето работење во пролетта 2016 година на иницијатива на група професори активни во Професорски пленум. Првите три регистрирани подружници беа синдикалните организации на Факултетот за драмски уметности, Филозофскиот факултет и Филошкиот факултет. За кратко време бројот на подружници продолжи да се зголемува и до денес НАкС 17 подружници, од кои 14 се факултети и институти на УКИМ, 1 е факултет на УКЛО и 1 на приватна високообразовна институција. А, во 2023 се отвори нова Синдикална организација при МАНУ. НАкС има и индивидуални членови кои доаѓаат од различни високообразовни установи јавни и приватни, каде што сè уште не е основана синдикална организација.

Својот прв конгрес НАкС го одржа на 29 октомври 2016 година во „Кино Култура“, Скопје и тогаш за прв претседател на синдикатот беше избрана проф. м-р Маја Стевановиќ. Во периодот што следуваше НАкС ги конституираше своите тела и органи и започна со исполнување на задачите предвидени во програмските насоки што беа усвоени на првиот конгрес.

Својот втор конгрес НАкС го одржа на 31 октомври 2020 година online поради здравствената криза со корона вирусот и тогаш за втор претседател на синдикатот беше избрана проф. д-р Елена Џукеска, а беа избрани и членови на Советот, Надзорниот одбор и Статутарната комисија. Согласно промената во статутот прифатена на вториот конгрес, работата на Советот започна да ја води председавач, проф. д-р Александар Иванов. По неговата оставка во декември 2021 година, за

председавач на Советот беше избран проф. д-р Виктор Стефов. Во март 2024 Советот ја усвои оставката на претседателката на НАкС проф. д-р Елена Џукеска и го назначи за в.д претседател проф. д-р Виктор Стефов, а функцијата председавач на Советот ја презема проф. д-р Маја Стевановиќ.

Членовите на органите на НАкС во изминатиот четиригодишен период ги извршуваа функциите волонтерски, без финансиски надомест.

Стручната служба на НАкС, составена од технички секретар, консултант за комуникација со медиуми и администратор на веб страница за својот ангажман добива хонорар.

Со цел да им овозможи правна заштита на своите членови синдикатот има потпишано договор за соработка и стручна помош со правна канцеларија. Во изминатиот четиригодишен период на повеќе членови на Синдикатот им беше пружен правен совет и заштита во врска со различни повреди на правата од работен однос, а претставник на правната канцеларија е постојано вклучен како консултант при изготвувањето на општите акти на синдикатот. Давањето бесплатна правна помош за членовите на синдикатот е регулирано со *Правилник*, кој последен пат е ажуриран на 07.12.2021.

НАкС своите активности ги финансира со средства собрани од членарина, која со одлука на Советот на синдикатот изнесува 0,5 % од висината на платата на вработениот. Оваа одлука е последен пат ажурирана на 20.04.2023. Во согласност со Статутот и постојната законската регулатива во Република Северна Македонија синдикатот има Солидарен фонт, во кој месечно се издвојуваат средства од членарината во висина од 10 %. Во изминатиот период на повеќе членови на синдикатот им беа доделени парични средства од овој фонд врз основа на критериумите утврдени со *Правилникот*, кој последен пат е ажуриран на 24.08.2023 година.

Со одлука на Советот од 21.12.2018 на синдикалните организации им е овозможено да добиваат поврат од 20 % од средствата собрани од членарина на своите подсметки. Со овие средства синдикалните организации располагаат самостојно.

Во изминатиот период заради блокирањето на сметките со кои располагаше НАкС при стечајот на Еуростандард банка, синдикатот се соочи со финансиски потешкотии. НАкС ги презеде сите неопходни правни чекори за рефундирање на средствата на синдикатот од стечајната маса на банката и преку свој претставник, проф. д-р Мира Беќар активно се вклучи во работата на Здружението на оштетени штедачи на ЕСБ. Рефундирањето на средствата започна 2022 и до овој момент во целост се рефундирани средствата што беа блокирани на подсметките на синдикалните организации и во Солидарниот фонд, средствата на подсметката за донацијата од Фондацијата Отворено општество за проектот *Финансиска транспарентност и отчетност во високото образование и науката во РСМ* , како и дел од средствата на главната сметка. Со посебни одлуки на Советот дел од рефундираните средства на главната сметка на НАкС беа префлени на сметката на Солидарниот фонд заради поголема операбилност на фондот.

Во изминатиот период беа спроведени и активности во насока на обезбедување на синдикална понуда за членовите на НАкС, односно беа потпишани договори и озбезбедени се попусти од повеќе трговски субјекти. Исто така, се започна и со пракса на обезбедување новогодишни подароци во вид на ваучери за сите членови на синдикатот.

Во изминатиот четиригодишен период НАкС соработуваше со други синдикати од земјава и граѓански организации заради остварување на своите цели. Во рамките на Повелбата за солидарност на синдикатите и здруженијата за работнички права има учествувано на Првомајски протести и упатувано заеднички прогласи до јавноста со барања за подобрување на социјално-економскиот статус на сите граѓани и обезбедување на функционирањето на правната држава. НАкС ги поддржа напорите на синдикатите во земјава и со свои соопштенија за јавноста допринесе да се спречат или преиспитаат повеќе иницијативи на Владата на РСМ: сведување на платите во јавниот сектор на минималец, отпуштање работници заради финансиската криза предизвикана од корона пандемијата, намалување на надоместот за вработените во приватниот сектор при отсуство од работа заради самоизолација.

За НАкС посебно значајна во изминатиов период беше соработката со СОНК заради остварување на целта потпишување на колективен договор за високо образование и наука. И НАкС и СОНК доставија свои предлози за колективен договор за високо образование и наука до МОН и успеаја да издејствуваат да се оформи заедничка работна група, којашто работеше на изготвување на финалната верзија. Со објавувањето на *Колективниот договор за високо образование и наука* во Службен весник на РСМ на 7 мај 2021 година, академската заедница за првпат по 30 години доби правен акт со кој сеопфатно и на највисоко ниво се регулираат правата од работен однос, обврските на вработените во високообразовните и научните институции, како и условите за работа. За жал, заради финансиските услови предизвикани од пандемијата, владата не ги прифати сите барања на синдикатите за покачување на платите. Ова предизвика револт во академската заедница, и непосредно по потпишувањето на договорот членови на НАкС беа изложени на недолични вербални напади и мобинг, што управата на УКИМ не ги спречи. Во периодот по потпишувањето на *Колективниот договор* НАкС продолжи преку јавни соопштенија и средби со претставници на МОН во соработка со СОНК и самостојно да бара платите на вработените во високото образование и наука да се исплаќаат навремено, да раснат соодветно на зголемувањето на просечната плата, но и да се продолжи колективниот договор за високо образование и наука по неговото истекување, односно да се потпише нов договор со кој ќе обезбеди дополнително покачување на платите. Иницијативите на НАкС поттикнаа основање и активност и на други синдикати во академската заедница, на ниво на работодавач. Така, во 2023 година Собранието на РСМ прифати да потпише колективен договор на ниво на работодавач со ССУКИМ со кој се обезбеди покачување на платите само за вработените на УКИМ, а во 2024 се направија измени во Законот на високо образование со кој се овозможи овие придобивки да станат достапни и за вработените во сите високообразовни и научни институции во РСМ. За жал, останува нерешен проблемот на вработените во МАНУ, за кој има најава дека во најскоро време соодветно и правично ќе се реши. НАкС во изминатиот период им овозможи соодветна правна помош на своите членови од оваа синдикална организација и понатаму ќе продолжи да ги поддржува нивните напори за

изедначување на нивните плати со платите во другите високообразовни и научни институции.

Во изминатиот четиригодишен период НАкС будно ги следеше состојбите во академската заедница и во повеќе наврати бараше информации од јавен характер од УКИМ. НАкС јавно реагираше на донесувањето на Етичкиот кодекс на УКИМ со кој се ограничуваат личните слободи, слободата на научната мисла и на говорот и кој е во спротивност со повеќе законски акти. Својот став со детални забелешки и сугестии за подобрување НАкС го сподели во јавноста.

НАкС се вклучи во изборот на ректор на УКИМ и за првпат организираше јавна дебата на кандидатите за ректор на 18 мај 2023 во просториите на ФДУ. Модератори на трибината беа проф. д-р Виктор Стефов и новинарката Јасмина Јакимова. На трибината активно со свои презентации учествуваа кандидатите за ректор: проф. д-р Горан Ајдински, проф. д-р Ратко Дуев, проф. д-р Атанас Кочов, проф. д-р Христина Спасовска и проф. д-р Димитар Ташковски.

За жал кон крајот на 2022 година академската заедница повторно се соочи со обид за нетранспарентна иницијатива за промена на Законот за високо образование. НАкС побара од МОН со директни дописи и преку јавни соопштенија, да биде запознаен и вклучен во изработката на тие промени. И во отсуство на соодветна иницијатива од страна на МОН, на 16 декември 2022 организираше јавна дебата насловена *Законот за високо образование: искуства од примената и потреба за промени*. Дебатата се одржа во Кинотека на РСМ, а модератори беа проф. д-р Неда Здравева, и проф. м-р Маја Стевановиќ. Трибината наиде на добар одзив и покажа дека високообразовните институции во земјава имаат потреба од соодветна јавна дискусија на темата.

НАкС во изминатиот период согласно програмските насоки усвоени на вториот конгрес за првпат организираше активност со која го сврти вниманието на академската заедница кон заштитата на животната средина како важен сегмент од правото на здрава работна средина. Научно-стручната дебата насловена *Заштита на животна средина, климатски промени, одржлив развој и високото образование во Република Северна Македонија* се одржа во Европската куќа на 30.05.2023.

Модератор на дебатата беше проф. д-р Марина Малиш Саздовска. Заклучоците од дебатата беа испратени до релевантните институции во земјава.

Проектната активност на НАкС продолжи и во изминативе четири години. Во перидот од 01.12.2020 до 30.11. 2021 година го реализираше проектот *Квалитетот на наставата во високото образование*, последен во низата од три проекти финансирани со донација од Фондацијата Отворено општество. Во рамките на овој проект беше организирана трибина со синдикалните лидери од регионот на тема *Јакнење на организациската структура на синдикатите, на експертскиот и институционален капацитет и нивната улога во обезбедување квалитет во високото образование.* Трибината се одржа онлајн на 17.06.2021 година со почеток во 18:00 часот. Беше организирана *Дводневна работилница за стратешко планирање и синдикално организирање на НАкС* со членовите на академската заедница, којашто се одржа онлајн на 29. и 30. мај 2021 година. Се изработи Стратегија на НАкС за периодот 2021-2025: *Преку регулирани права и подобри услови за работа до поквалитетно високо образование*.

А за првпат во 2023 од сопствени средства беше финансирана и изработката на проектот *Анализи на НАкС за исплатливоста од стипендирањето студенти на прв, втор и трет циклус студии на еден до првите 100 универзитети од Шангајската листа (податоци 2010-2021)*. Заклучоците од анализите и препораките за понатамошно подобрување на формите и начините на доделување на стипендии за студирање во странство од страна на МОН беа презентирани на јавен настан, кој се одржа во просториите на ИССПИ на 07.11.2023 година.

НАкС се вклучи и во одбележувањето на 30 години независност на Република Северна Македонија преку серија постови што беа споделени преку социјалните мрежи, во кои графички беа прикажани најважните трендови во високото образование во периодот од прогласувањето на независност до денес.

Заради остварување на континуирана комуникација со членовите, академската заедница и јавноста НАкС има изработено своја веб страница (www.naks.org.mk) каде што се достапни сите основни информации за синдикатот, документите и актите, како и најновите соопштенија. Непосредно по одржувањето на вториот конгрес, страницата беше посуштински подновена и доби целосно нов

излгед. НАкС започна и со дистрибуирање на е-билтен до своите членови и сите заинтересирани да ги следат активностите на синдикатот. Дополнително, за сите свои активности во изминатиот период НАкС редовно ја известуваше јавноста преку социјалната мрежа Facebook. Претставници на синдикатот учествуваа во емисии, трибини, дебати, пишуваа текстови за интернет порталите, списанијата и на социјалните мрежи, остваруваа средби со колешките и колегите во академската средина и настојуваа да ја информираат јавноста за проблемите во високото образование и науката и да ја поттикнат јавната свест за важноста од нивното системско решавање.